Врз основа на член 41 од Статутот на Македонска берза АД Скопје и врз основа на член 28, став 3 од Правилата за тргување на Македонска берза АД Скопје, Одборот на директори на Берзата на својата XXI седница одржана на 12.02.2010 година донесе

# ОДЛУКА

## за утврдување на минимална вредност на налогот со скриена количина, соодносот меѓу видливата и скриената количина и другите услови за извршување на налогот со скриена количина при тргувањето со хартии од вредност

1. Минимална вкупна вредност на налогот со скриена количина изнесува 500.000 денари.

2. Минималната вредност на видливата количина на налогот со скриена количина изнесува 250.000 денари.

3. Вредноста на скриената количина на налогот со скриена количина во секој момент треба да е најмалку еднаква со вредноста на видливата количина на налогот за определена хартија од вредност.

4. Видливата количина на налогот со скриена количина треба да изнесува повеќе 1% од скриената количина на налогот за определена хартија од вредност.

5. Налогот со скриена количина се внесува во БЕСТ системот согласно член 35, став 2 од Правилата за тргување.

6. Извршувањето на налогот со скриена количина се врши согласно член 28, став 5 од Правилата за тргување

7. Одлуката да се достави до Комисијата за хартии од вредност, до членките и архивата на Берзата и за истата да се информира јавноста.

8. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе почне да се применува со денот на отпочнување на примената на Правилата за тргување на Македонска берза АД Скопје за кои е добиена согласност од Комисијата за хартии од вредност со Решение бр.УП1 08-5 од 07.12.2009 година.

**Одбор на директори**

**Претседател**

**Кристијан Поленак**